| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Професии и занаети |
| **Содржина на денот** | Готвачот Миле |
| | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на хигиената на рацете пред и после јадење. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со краток разговор по слика на тема „Занаети и професии“. Водете разговор по слики за занаетите и професиите, поттикнете го детето да препознае за која професија станува збор, какви алатки се користат во таа професија, потоа што е тоа занает, како се учи и кои занаети сеуште ги има кај нас (утврдување на знаењата). Задржете го вниманието на детето на професијата „Готвач“ (опишување на облеката на готвачот, односно униформата што ја носи, местото на работа, кои алатки ги користи при работа и сл.), така на тој начин детето ќе го воведете во темата обработка на сликовница „Готвачот Миле“.<br>Потоа предложете му на детето да ја прочитате сликовницата, поттикнете го да ве следи со внимание, а потоа објаснете ја содржината и непознатите зборови, на крајот прераскажете ја преку прашања и одговори.<br>Активноста завршете ја со илустрација на сликовницата на лист од блок со дрвени бои.<br>- За да биде активноста уште поинтересна на детето предложете му заедно да изработите готварска капа (линк во прилог), а потоа да подготвите вкусна овошна или зеленчукова салата по желба и идеја на детето.<br>‣Линк во прилог:<br>https://10minutesofqualitytime.com/make-chefs-hat/ |